Амалија ЈОВАНОВИЌ

# ИСТОРИСКИОТ РАЗВОЈ НА СЕМЕЈСТВОТО И ИСТОРИСКИТЕ ТИПОВИ НА РОДНОСТА НА НАСЕЛЕНИЕТО

Објаснувањето на родноста и репродукцијата на сегашните население често не е можно без да се проучи процесот на нивниот развој во минатото. Тоа особено се однесува на населенијата кои поради некои причини не поминале низ постепениот економски развој со соодветни демографски последици, како што тоа се случува денес родноста и репродукцијата да се разгледува во рамките на семејството, бидејќи тие главно се вршат во рамките на семејството како социолошки систем, а она што во тие рамки го разбираме како демографски систем всушност претставува агрегат на настаните - поединечни раѓања, кои се случуваат и оформуваат зависно од видот, структурата и односите во поединечните семејства.

Таквиот интегративен приод кој во литературата е познат како социолошки во рамките на социјалната демографија или социологија на родноста овозможува посестрано објаснување на родноста, бидејќи таа суштински не се менува ако претходно не се променило семејството во односот на глобалната општествена структура под влијание на општите развојни фактори, како и во сопствената внатрешна структура, улогите и односите меѓу членовите.

Во литературата нема единствено сфаќање, но најчесто историските облици на родноста се класифицираат во два, традиционален и современ, при што традиционалниот го опфаќа евентуално и архаичкиот облик на родноста. Имено, поимот традиционална родност ја опфаќа родноста во периодот на докапиталистичките општествено-економски формации: првобитното општество, робовладетелството и феудализмот. Со оглед на тоа што родноста на населението се разликува и во периодот на првобитното општество, некои автори сметаат за оправдано одделно да се разгледува периодот на т.н. архаична родност, која би траела сè до неолитската револуција, кога се развило

поледелството и припитомувањето на домашните животни.[1] А тие претставуваат претпоставка за постојан начин на живеење и претпоставка за формирање на семејството во вистинска смисла на зборот - тоа е одделување на моногамното семејство - занимавање со земјоделството, "приватизација" на децата во семејството - премин во моногамниот облик на семејството.

Според некои автори, издвојувањето на архаичниот тип на родноста нема доволно основа, иако не е и оправдување, поради немањето доволно убедливи докази за разликите меѓу архаичниот и традиционалниот тип на родноста.[2] Основниот доказ на заговорниците на овој став е порастот на населението на преминот од палеолит во неолит кој е непосредно врзан за постојаниот начин на живеење. Од демографскиот аспект, архаичниот тип на родноста се карактеризира со ниска родност - поради високата метеријална смртност. Таа се намалува со постојаното населување, така што традиционалниот тип на родноста овозможува пораст на населението, иако густината на населението ги зголемува и можностите на заразни болести, чија последица е зголемената смртност и повторното воспоставување рамнотежа меѓу раѓањата и умирањата.[3]

Одделно архаичниот тип, како "архетип" на родноста (репродукцијата) го разгледува Вишњевски, како прв од трите основни историски типа на родноста на населението.[4]

Според него, демографскиот развој на човештвото може шематски да се прикаже преку три историски типа на репродукција на населението: архетип, традиционален и современ (рационален) тип и преку две демографски револуции, чија последица е преминот од еден тип кон друг. [5]

---

1 Вишневский А.Г.: Демографическая революция, Москва, 1976, стр. 23

2 Malačič, Janez: Sodobno obnavljanje prebivalstva in delovne sile. DZS, 1985, стр. 14.

3 Muhsem, H.V.: The Demographic Transition: From Wastage to Conversation of Human Life, Population Science in the Service of Mankind, Institute of Life and IUSSP, Vienna, 1979, стр. 143-163. Цитирано од Malačič J.: Slobodno... Op. cit. стр. 14

4 Вишневский А.Г. Демографическая... оп. цит. стр. 24

5 Поимот архетип го презел од Acsady Gy., Nemeskeri J.: History of Human Life Span and Mortality, Budapest, 1970. Види: Вишњевский, оп. цит. стр. 27; додека поимот демографска револуција го зел од Павлик, но го употребува како синоним за премин или преод во теоријата за демографската транзиција, стр. 21.

Согласно марксистичката литература Павлик демографската револуција ја разбира како историска етапа во развојот на населението, како квалитативен скок кој доведува до замена на еден тип на репродукција на населението со друг. "Демографската револуција е општ процес во кој примитивните начини на репродукција на населението се заменуваат со современи начини на репродукција кои постојат кај нас или во повеќето европски земји и во економски развиените земји од други континенти." Pavlik Z.: Nastin populacniho vyvoje sveta, Praha, 1964, г. 38, Цитирано според Вишневский оп. цит. стр. 21, 22.

Следејќи го терминот демографска револуција мора да се обрне внимание на Landry, на кој му припаѓа значајна улога како на еден од првите истражувачи на проблемите во врска со настанувањето на современиот тип на репродукција на населението. Тој го вовел поимот "Демографски тип" (regime demographique), зборувајќи за различни демографски типови, а тоа е она

Оправданоста од таквиот приод ја гледаме од аспект на историската класификација на општествениот развој во која се вклучува и развојот на семејството.

Бидејќи репродукцијата се врши во рамките на семејството архаичниот тип на родноста (репродукцијата) би му одговарал на примитивното општество сè до првата демографска револуција кога доаѓа до издвојување на моногамното семејство, кога репродуктивната функција се реализира во рамките на семејството и децата остануваат во семејството.[6] Традиционалниот тип би му одговарал на патријархалното, а современиот тип на родноста би му одговарал на современото, егалитарно (нуклеарно) семејство.

Со оглед на тоа што родноста директно зависи од демографските фактори какви што се: возрасната структура на населението, односот помеѓу бројот на машкото и женското население во репродуктивниот период, нивото и типот на нупцијалитетот, повторното склучување на бракови меѓу вдовците и вдовиците (или разведените), животното очекување на жените во репродуктивната возраст, просечната старост при првото склучување брак, интергенезичкиот интервал, половата зрелост, стерилитетот, распространетоста на целибатот и сл, за кои немаме податоци во раниот период, за родноста во тоа време можеме да заклучуваме посредно преку археолошка и друга литература, особено преку палеонтолошката. Понатаму, преку антрополошката која овозможува сознание за природата на праисторискиот живот преку испитување на примитивните општества, како и преку геолошките периоди и географските услови. Очигледно е дека влијанието на тие фактори е различно во различен историски период и за различни населенија во рамките на тој период.[7]

Традиционалниот тип на родноста на населението тешко може строго да се оддели од архаичниот тип поради што и двата најчесто во целиот прединдустриски период се изучуваат заедно како традиционален тип на репродукција.[8] Периодот што го опфаќа се однесува главно на периодот на аграрната економија, барем на периодот кога таа доминира од неолитот па сè до 18-от век, а во некои делови од светот и денес.

---

што Вишњевски го нарекува тип на репродукција на населението и во историски контекст демографската револуција како смена на таквите типови. Како што вели Landry, "Секоја промена на типот (regime) во демографската област или во која и да е друга може да се разгледува како револуција."

Landry A.: La revolution demographique, Paris, 1934, p. 54.

6 Natality and reproductive Function of the Family, стр. 13 UN, Prc, Moscow, 1985

7 Malačič, J.: Sodobno... op, cit. стр. 16 и натаму, каде што пишува и за нашето население врз основа на испитувањето на Лепенски Вир и сл.

8 Види: Malačič: Slobodno obnavljanje... op. cit. str. 15 и Вишневский: Демографическая ... Оп. цит. стр. 35.

Значајно за него е тесната поврзаност на земјоделскиот начин на производство со соодветните општествени односи.[9]

Разгледувајќи ја родноста во неопходната врска со развојот на семејството забележуваме дека сите форми на семејството во овој период ги карактеризира придавката традиционална. Репродукцијата на животот во семејството ѝ била соодветна на целокупната општествена репродукција која пак соодветствувала на степенот на развој на семејството и неговата трансформација. При преминот од собирачката кон производствената економија, земјоделството и сточарството, семејството постанува основна производна единица. Системот на општественото уредување и организација на животот принципиелно го менува и системот на сродството. Настанува големо патријархално семејство, составено од неколку поколенија и крвни и тазбински роднини. Претставува стабилна општествена форма на семејството која има доминантно место во класните општества сè до капитализмот. Дури и при променетите услови и денес забележуваме определени форми на таков вид семејство, кое, повеќе или помалку ги има карактеристиките на патријархалното семејство.[10]

Поради својата стопанска улога што ја има патријархалното семејство како полуфункционална заедница за успешното вршење на стопанската функција тоа е условено со неговата демографска структура, а таа пак со специфичноста на половата и возрасната поделба на трудот во примитивното земјоделско стопанисување, при што и децата и возрасните се еднакво неопходни за успешно функционирање на колективот во целина (традиционална поделба на трудот според пол и возраст). Во таквите услови вреднувањето на децата, потребата од нив и нормите за раѓањето биле во прилог на многудетноста. Периодот на детноста во споредба со современите сфаќања бил многу кус поради раното вклучување на децата во стопанисувањето на семејството. Се смета дека е можно во патријархалното семејство да се јави индивидуална потреба од деца, особено при јавувањето на моногамните семејства во рамките на патријархалното семејство. Во таквите случаи можноста за роднинска идентификација во системот на сродство, присутноста на

9 Познато е дека во овој период човекот е зависен од природата и неговите можности за делување на надворешната како и неговата внатрешна биолошка природа биле мали. Општо речено, во сите докапиталистички "традиционални" општества односите меѓу луѓето биле детерминирани со развојот на производните способности, поради што биле неопходно врзани за колективитетот и индивидуалното од егзистенцијалните принципи било подредено на заедничкото, а традиционалното било над рационалното и индивидуалното. Човекот како поединец му бил сосема подреден на семејството, бидејќи тоа претставувало можност за опстанок.

10 Bottomore, T.B.: Sociology, A Guide to Problems and literature, Second Edition, London, 1971, стр. 171. Авторот наведува постоење на проширено семејство во Југославија, (задруга) како различни типови во Азија дури и во индустриска Јапонија до денес.

децата и нивниот број претставуваат последица на социјалната оценка на поединците од страна на социјалната средина.[11]

Ограничувањето на раѓањата во таков вид семејства може да се случи поради делувањето на нормите, во случајот на раѓањето на дете на немажена жена или вдовица, според кои таа станува непожелен и неполновреден член на заедницата. Во тоа време настанува и левиратот, институција на доделување на вдовицата на постариот или помладиот брат на покојниот маж, веројатно во врска за зачувувањето на имотот и потомството. Веќе во тоа време постоеле можности за продлабочување на противречностите на интересите меѓу одделно семејство кое сакало да ја сочува својата структура и општеството кое ги обединувало семејствата и имало самостојна улога, заштитна на пример, која барала зголемување на воено-способни мажи.

Обврската за склучување брак поврзана со особеностите на поделбата на улогите во рамките на семејството ја детерминирала состојбата машкото на определена возраст да склучи брак за да обезбеди замена за себе со децата за да не се наруши структурата на семејството, бидејќи тоа станало возрасно. Покрај тоа морал (синот) да обезбеди замена за возрасните сестри кои или која (една сестра) поради мажењето заминале во друго семејство, а со тоа не оставиле зад себе некого во претходното семејство. Со оглед на тоа што патријархалното семејство било јадро (келија) на производството на материјалните добра, а моногамното јадро на демографското производство, бездетноста задолжително се доживувала како неисполнување на долгот пред роднините, како некој вид издржување од страна на целото семејство.[12]

Низа податоци собрани од старите законодавства сведочат за тоа дека единствена предодредница за склучување на брак била раѓањето многу деца.[13]

Според тоа, потребата од деца во патријархалното семејство не била резултат само на високата смртност. Многудетноста претставувала услов и елемент на начинот на живеење на патријархалното семејство детерминирано во прв ред со демографската структура, бидејќи само семејството со погодна демографска структура можело да обезбеди економска надмоќ и благосостојба.

Класификациите на семејствата во тој период можат да се сведат на неколку познати, кои во суштина меѓусебно се разликуваат, барем не во мерка која е од интерес на нашето разгледување.

Давајќи го приказот на патријархалното семејство, карактеристиките што се однесуваат на родноста се главно општи. Во поширока

11 Детност семьи: вчера, сегодня завтра, Мысль", Москва, 1986, стр. 30

12 Исто, стр. 31

13 Исто, стр. 31

социолошка смисла тие посредно или непосредно влијаат врз родноста на патријархалното семејство и можат да се сведат на следното:

- проширено и здружено семејство, поради сочувување на заедничкиот имот;
- непожелност на развод на брак, токму поради имотот и раѓањето;
- склучувањето на брак е подредено на интересите на семејството;
- авторитарен тип на однесување;
- мултифункционална основна економска и општествена заедница;
- доминантна аграрна економика;
- немобилност во семејството;
- заеднички живот на повеќе генерации;
- поделба на трудот по пол и возраст.

Ако на горните карактеристики им се додаде потребата од децата и нивната работна сила според ниската развиеност на средствата за производство, од една страна и заштитната функција на семејството на старите лица, од друга страна, разбирлива е и вредносната ориентација на патријархалното семејство кон многудетноста. Покрај тоа поделбата на трудот според пол и возраст строго ја определува улогата на жената и ја ограничува главно на мајчинската, а нејзиното вреднување се врши исклучиво врз основа на реализацијата на таа нејзина улога. Доколку тоа не може да го оствари таа е обезвреднета, бидејќи тоа е срамота и за неа и за нејзиното семејство, бидејќи не се реализира како мајка, а со тоа не го остварила својот дел и не го оправдала своето учество во семејната поделба на трудот. Како воспитувањето на женското дете е насочено кон нејзината идна улога, така и раѓањето на женското дете се обезвреднува, бидејќи тоа има преодна улога во семејството на таткото и се подготвува за семејството на идниот маж (неопходна е замена за заминување на женските деца од тоа семејство посочено погоре).

Општествената свест на луѓето во прединдустрискиот период е главно религиозна и традиционална, што исто така придонесува како ориентација на патријархалното семејство кон многудетноста.[14]

Ако на економските и социолошките услови им се придодадат и демографските, какви што се високата смртност на населението, особено на доенчињата и малите деца, краткиот животен век, особено на женското население, раното склучување на бракови, малубројните разводи на бракови и сл., тогаш се добива уште покомплетно објаснување за ориентацијата на прединдустриското патријархално семејство кон многудетноста. Според тоа, традиционалниот тип на родноста на населението речиси одвај го обезбедувало обновувањето на населението.

---

14 Види: Golubović Z.: Porodica kao ljudska zajednica, Naprijed, Zagreb, 1981 str. 98 (Обработени се класификациите на Good, M. Mead, Mc Konley, Ogburn, Nimkoff...)

Со оглед на основните услови за живеење и индивидуалното семејство морало да има многу раѓања за при постојната смртност да обезбеди број на деца кој ја зголемувал веројатноста за обновувањето на населението.

Современиот тип на родноста на населението го одбележува периодот по индустриската револуција. Наспроти традиционалното, патријархалното семејство, карактеристиките на современото семејство лежат на поинаква основа, поради промената која е предизвикана од индустрискиот начин на стопанисување. Трансформацијата на семејството од традиционално кон современо и индустриско не се вршела ниту рамномерно, ниту парарелно, ниту истовремено на сите географски простори согласно разликите во индустрискиот развој и наследните историско-културни услови. Така, не може да се зборува за чисти спротиставени типови, ниту за традиционалното, ниту за современото семејство. Постојат различни варијетети на современото семејство чии карактеристики би можеле да ги воопштиме за потребите на методолошко-аналитичката рамка за испитувањето на нашиот предмет, а тоа е влијанието на формата на семејството врз родноста на населението и планирањето на семејството.

Современото семејство често наречено егалитарно, демократско, нуклеарно, коњугално, индустриско и сл. го карактеризира нуклеарното семејство со помалку силни родбински врски, поголема зачестеност на разводи на бракови, поради променетата основа за склучување брак. Бракот во таквите семејства повеќе не претставува договор меѓу роднините со цел да се задоволат интересите на роднинската група, туку се склучува како сојуз меѓу поединци со цел да се задоволат нивните сопствени потреби. Основата за склучување на бракот е сè помалку од економска а сè повеќе од емотивна природа, чувството на љубов и почит, поради што таквото семејство е ориентирано кон поединците и нивната среќа, а тоа се брачните другари и нивните деца.

Таквото семејство е од неолокален тип и сè помалку е врзано за семејството на родителите. Авторитетот е демократски, со рамномерна поделба на моќта меѓу двата родители.[15] Функциите на семејството се редуцираат, тежиштето се поместува од производно-економската кон

15 При класификација на семејството се поаѓа од фактот што аграрното општество поседува цврсто, стабилно семејство со неговата традиција, утврдени односи, сигурност и самодоволност. Индустријализацијата внесува "нестабилно", конјугално семејство, кое е мало, преодно и релативно несигурно и изолирано. Некои социолози употребуваат термин авторитарно семејство за да укажат на чист, стабилен авторитет во претходните типови на семејството и демократско за да укажат на послободни меѓусебни односи и зголемената индивидуалност во мало конјугално современо семејство. Види: Голубовиќ Загорка: Породица... Оп. цит. стр. 98 - 149. Авторката го употребува поимот егалитарно семејство со слична аргументација. Види и: Fletcher Ronald: The Family and Marriage in Britain, Pengiun Books, London, 1966, стр. 39 - 54.

психо-социјалната функција. Значајна е и редукцијата на други функции кои традиционално се вршеле во рамките на семејството и нивната трансформација и специјализација во рамките на поширокото општество чии носители стануваат специјализирани институции надвор од семејството (економска, воспитно-образовна, здравствена итн.) кои инаку во литературата се окарактеризирани како несуштествени семејни функции. За разлика од нив универзалните, суштествени семејни функции се постојани, а се менува само нивниот квалитет (згрижување на домот, раѓање и одгледување на децата и постојано задоволување на сексуалните потреби).[16] Така, во современото семејство социјализацијата и развојот на личноста на детето постанува примарна, а често и единствена функција на семејството.

Егалитарното семејство е подвижно семејство, бидејќи не е врзано за роднинската група, ниту за имотот поради што често мигрира кон центрите на индустрискиот и урбаниот развој. Неговата материјална егзистенција не зависи од сопственичкиот однос, туку од личните заработувачки на одделните членови на семејството. Оттука и вработувањето на сите членови способни за работа надвор од семејството, при што не изостанува ниту жената, односно мајката. Во такви услови е присутна и појавата на склучување мешовити бракови меѓу различни слоеви, националности, раси, религии и сл, што значи дека засилената општествена подвижност, бришејќи ги строгите граници меѓу различните припадности на луѓето (класни, слојни, етнички, религиозни) силно влијаела и врз семејните односи.

Од историскиот развој на семејството произлегува уште еден заклучок значаен за сегашните испитувања на семејството и репродукцијата на населението, а тоа е дека семејството како универзална општествена група (систем) се развивало и менувало побавно од општествено-економските и културните системи и дека значајните промени во семејствата настанувале токму во време на историските пресврти (индустриската револуција како пресвртница за премин од патријархалното во егалитарното семејство). Со оглед на тоа дека условите се различни, како според екстензитет така и според интензитет, последиците и промените се исто така со различен обем и интензитет. Во таа смисла не би можело да се зборува за чисти типови на семејства како што се опишани туку за различни варијетети и меѓупреоди од двата типа во почиста форма, повеќе или помалку се содржани во едниот и

16 Mac Iver R.M. дава едноставен графички приказ за појавата на модерен тип на семејството од матријархалното семејство како мулти-функционална заедница, производствена заедница и сл. со редукција и трансформација и специјализација на несуштествените семејни функции во вонсемејни институции и останувањето на суштествени (универзалните според Голубовиќ) со промена на нивниот квалитет, Види: Fletcher R.: Op. cit. стр. 45.

другиот вид семејства. Издвојувајќи ги елементите на семејството кои се од значење за репродукцијата на населението можеме да претпоставуваме во колкава мерка доминацијата за патријархалните, односно демократските карактеристики при тие елементи резултираат со традиционална или современа репродукција.

Непосредните ефекти на индустријализацијата врз семејството во класична капиталистичка земја како што е Британија, се огледаат пред сè во променетите животни и работни услови на жените и децата проследени со промени во прописите и општествените реформи, промени во женската и детската работна сила, во образованието, статусот на жените, подобрениот животен стандард на населението, при што од големо значење е доброволното ограничување на детноста во семејството кое се прави заради најбрз и најпогоден начин за подобрувањето на личниот и семејниот животен стандард во дадените услови. Тоа е проследено со промени во значењата и мислењето за што придонел наглиот развој на науките во тој период - не само биологијата туку и социологијата, антропологијата и психологијата, со што се обезбедува можност за промена на знаењата на човекот, неговиот однос кон самиот себе, неговото постоење и неговата слобода и одговорност кон сопствената иднина, наспроти старите религиозни сфаќања, новиот дух врз основа на знаење и разумот го прават одговорен и за промените во општеството, вклучувајќи го и семејството во смисла на подобрувањето на семејниот и личниот живот во споредба со минатото. Другите промени што се вбројуваат во непосредните ефекти на индустријализацијата се промените во подобрувањето на животната околина и хигиенско-санитарните услови на живеењето, прекинувањето на нужноста на постоењето на големите роднински групации и зголемување на можноста на географска и професионална општествена мобилност, при што не треба да се заборави на промените во граѓанските и политичките права на граѓаните, особено жените.[17] Не навлегувајќи пошироко во објаснувањето на овие непосредни ефекти на индустријализацијата врз британското работничко семејство низ 19 и 20-ти век, сакаме само да обрнеме внимание врз текот на класичните промени и нивната постепеност која резултира со мало современо семејство кое се карактеризира со контролирана родност. Според тоа, се претпоставува дека степенот на осовременување на семејството претставува и степен на осовременување на родноста на населението и планирањето на семејството. Бидејќи промените во развојот на семејството предизвикани од индустрискиот развој не биле секаде рамномерни и постепени како во класичните земји на капитализмот (иако и меѓу нив има разлики, на

17 Поопширно за ова во: Ronald Fletcher: The Familly and Marriage in Britain.. Op. cit. стр. 91

пример, Германија, Британија и Франција), така и промените во семејството се различни и не само под влијание на економските фактори, така што и нивното објаснување не може да биде засновано само врз нив и не може да биде автоматско, ниту доволно.[18]

Што се однесува за родноста на населението, и тука се забележливи промените во согласност со другите промени во општеството, на ниво на семејството, како и на ниво на поединец. Согласно новиот стопанско-политички и општествен поредок, согласно променетата улога на семејството во глобалната општествена структура и согласно нејзините променети функции се менува и нејзината репродуктивна функција, особено тесно поврзана со новата семејна структура и со положбата на жената во семејството и општеството. На прв поглед последиците на современата родност не се разликуваат од последиците на традиционалната родност-низок природен прираст на населението. Но разликите се очигледни во однос на сите демографски фактори кои непосредно влијаат врз родноста.

Во традиционалната родност основно влијание се припишува на смртноста на населението, додека кај современата родност основното влијание при ниската општа смртност и ниската смртност на доенчињата го врши само родноста (бројот на раѓањата). За индустриски развиените земји, без оглед на нивниот систем - капиталистички и социјалистички, е карактеристична ниската родност на населението.

Без оглед на разликите во определени периоди и определени простори по завршената демографска транзиција тие не ја оспоруваат основната законитост, а тоа е намалување на родноста. Како потврда се користат податоците од различни истражувања. Така на пример, истражувањето на 16 европски земји, со расположивите податоци, покажува дека околу 1950 година стапката на вкупниот фертилитет (просечен број деца на една жена) варирала во просек за едно дете по жена. Варијабилноста се намалила до 1981 година - до 1/2 дете по една жена. Во прво време бројот на децата по една жена варирал од две и повеќе до нешто повеќе од три деца, додека подоцна распонот се намалил од 1,5 до 2 деца по жена.[19]

И покрај постоењето разлики хомогенизацијата е силно изразена,

---

18 Macura, Miloš: Aktuelna pitanja modernizacije razvitka stanovništva - SANU, Beograd, 1989, Објаснувајќи го високиот природен прираст во 36 југословенски општини, авторот обрнува внимание на изостанувањето на модернизацијата како причина за долгогодишното задржување на високиот наталитет, според теоријата на демографската транзиција.

19 Calot G., Blayo C.: Recent Course of Fertility in Western Europe, Population Studies, 1982, 3, London 1982, стр. 349+372 и

Bourgeois J. - Pichat: The Demographic Transition in Europe, Europe Population Conference, Strasbourg, 1982, стр. 26. Изворите и податоците цитирани според Malačić: Sobodno obnavljanje... Op. cit. стр. 91.

што доведува до прашањето за влијанието на идентични фактори при таквото симултано намалување (во индустриските земји образованието веќе го нема значењето на диференција специфика, отколку во неразвиените).[20] Второто прашање што се поставува во врска со современиот тип на родноста е прашањето за можноста на обновувањето на населението. Во таа смисла проблемот на родноста во земјите со современ тип на родност и планирањето на семејството се поставува како прашање на раѓањето на второто дете.[21] Според споменатите истражувања бившата Југославија спаѓала во земјите во кои не била обезбедена простата репродукција на населението.[22]

Отворено прашање пред демогрфијата и другите сродни науки, особено социологијата и психологијата, е дали современите услови на живеење на малото семејство, со нов тип на личноста и нејзините потреби ќе го планира семејството на начин да ја обезбеди простата репродукција на населението и дали политиката на населението ќе може да го обезбеди тоа.[23]

---

20 World Population Trends and Policies, 1981 Monitoring Report, Volume I Population Trends, Un, New York, 1982, стр. 43 i Fertility and Family Planning Around 1970: A Comparative Study of Twelve National Surveys, United Nations Publication, Sales No. E. 76 XIII. 2

21 Антонов , А. И., Медков В. М.: Второй ребенок, "Мысль", Москва, 1987.

22 Со тоа што за мерка на можноста на едноставна репродукција се зема вкупниот фертилитет од 2,1 дете по една жена, земајќи ги во пресметка сите жени кои родиле или не родиле и оние кои физиолошки не се способни да раѓаат, иако во фертилен период. Доколку во пресметката се земаат само жените кои учествуваат во репродукцијата, тогаш вкупниот фертилитет (паритет) треба да изнесува 2,55 деца во просек на една жена со можност за замена на населението.

23 Футуролошкиот аспект на развојот на семејството, неговата форма и структура е опишана кај Alvin Tofler: Treći Talas, Zenit, Beograd, 1983.

Amalija JOVANOVIĆ

## THE HISTORICAL DEVELOPMENT OF FAMILY AND HISTORICAL TYPES OF HUMAN FERTILITY

(Summary)

According to the author it is necessary to consider fertility in the frame of the family, because fertility itself is one of the universal functions of the family. A change in the family under the same economic and social circumstances means a change of fertility too, through the change of valuating of needs for children in families.

That is an approach which offers the possibility of doing a very crude classification of family through history, which emphasizes also very crude classification of fertility. Development of family was going through the form of extended family with high fertility of modern form, so called nuclear or democratic, which one is pointed our with low fertility. Following the simultanions development of both, family and fertility author does a crude classification of fertility into three types: archaic, traditional and modern. Characteristics for each one of them take place in the article.